# СЛУЖ

3770 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ
91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51

# НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.**

**Петок, 9 февруари 1990**
**Скопје**
**Број 4 Год. XLVI**

**Аконтацијата за 1990 година изнесува 300 динари. Овој број чини 8 динари. Жиро сметка 40100-603-12498.**


**25.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари 1990 година.

Бр. 08-385/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во член 76 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ“ број 45/77, 3/83, 3/85, 42/85, 46/86, 43/87, 18/89, 28/89 и 36/89) во став 1 процентот „70%“ се заменува со процентот „44%“, а зборот „последниот“ се заменува со зборот „тековниот“.

Во став 2 зборот „последниот“ се заменува со зборот „тековниот“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

---

**26.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од доход,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари 1990 година.

Бр. 08-381/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД

Член 1

Во Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88, 18/89, 26/89, 36/89, 43/89 и 47/89), во член 10 стапката „2,30%“ се заменува со стапката „3,50%“, во алинеја 1 стапката „8,6%“, се заменува со стапката „9,8%“, во алинеја 2 стапката „5,4%“, се заменува со стапката „6,6%“, во алинеја 3 стапката „3,6% се заменува со стапката „4,8%“, во алинеја 4 стапката „1,80%“ се заменува со стапката „3,0%“, по зборот „галантерија“ се става точка и запирка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат, во алинеја 5 стапката „1,77%“ се заменува со стапката „2,97%“, во алинеја 6 стапката „0,67%“ се заменува со стапката „1,87%“ и во алинеја 7 стапката „0,60%“ се заменува со стапката „1,80%“, а по зборот: „сообраќај“ точката и запирката се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „и од областа 12 — Образование, наука, култура и информации подгрупата 120363 — Изнајмување и дистрибуција на филмови“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

---

**27.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ДЕЛ ОД КАМАТАТА НА КРЕДИТИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ НАМЕНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за давање надоместок на дел од каматата на кредитите за определени намени во периодот од 1986 до 1990 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари 1990 година.

Бр. 08-382/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ДЕЛ ОД КАМАТАТА НА КРЕДИТИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ НАМЕНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за давање надоместок на дел од каматата на кредитите за определени намени во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ" број 44/85, 7/88 и 51/88), во член 2 точка 6 на крајот точката се заменува со точка и запирка и се додаваат три нови точки 7, 8 и 9 кои гласат:

„7) за откуп на пченка, јачмен, пченица, сончоглед — масло за јадење, шеќер и лекови — за делот на каматата во висина од 50% од каматната стапка на кредитот;

8) за финансирање на републички стоковни резерви — за делот од каматата во висина од 50% од каматната стапка на кредитот;

9) за програми од областа на културата за делот на каматата во висина од 50% од каматната стапка на кредитот."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**28.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари 1990 година.

Бр. 08-384/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 12/87, 50/87, 7/88, 51/88, 7/89, 18/89 и 46/89), член 41 се менува и гласи:

„На даночниот обврзник на данокот од земјоделство кој вложува средства за мелиорација и арондација му се дава олеснување во вид на намалување на данокот во износ од 50%, а за комасација од 100%, во годината во која се врши мелиорацијата, арондацијата и комасацијата".

Член 2

Во член 104 во ставовите 1 и 2 износот „2.000.000" се заменува со износот „5.000".

Член 3

Во член 112 по алинејата 16 се додаваат две нови алинеи 17 и 18 кои гласат:

„— износот на вложените средства во производни и услужни капацитети во Републиката, и

— износот за купени обврзници за јавен долг кој го распишува Републиката".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**29.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари 1990 година.

Бр. 08-383/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 50/82, 38/83, 3/85, 16/85, 44/85, 46/86, 44/87, 7/88, 28/88, 51/88 и 46/89), во член 2 стапката „1,30%" се заменува со стапката „1,70%", во алинеја 1 стапката „0,45%" се заменува со стапката „0,85%", во алинеја 2 стапката „0,35%" се заменува со стапката „0,75%" и во алинеја 3 стапката „0,68% се заменува со стапката „1,08%".

Член 2

Во член 4 став 1 стапката „1,30%" се заменува со стапката „1,70%".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**30.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ЗАШТИТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 јануари 1990 година.

Бр. 08-395/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА ЗАШТИТА НА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ

Член 1

Во Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ“ број 41/85 и 45/86) во член 6 став 1 точка 2 зборовите: „основицата за определување на инвалидскиот додаток предвиден во член 17 став 1 точка 1“ се заменуваат со зборовите: „износот на инвалидскиот додаток определен според член 17 став 1“.

Во став 4 по зборовите: „паднат борец“ се додаваат зборовите: „и лице загинато или умрено при отслужување на воениот рок“.

Член 2

Член 17 се менува и гласи:

„Инвалидскиот додаток на воените инвалиди од VI до X група и на корисниците на семејна инвалиднина се определува во висина од 45 отсто од загарантираниот личен доход во Републиката.

Инвалидскиот додаток на воените инвалиди од I до V група се определува во висина од 25 отсто од загарантираниот личен доход во Републиката.

Износот на инвалидскиот додаток од ставовите 1 и 2 на овој член за корисниците кои имаат приходи се намалува за 30 отсто“.

Член 3

Во член 19 став 1 зборовите: „30 отсто“ се заменуваат со зборовите: „50 отсто“.

Член 4

Во член 23 став 3 зборовите: „основицата за определување на“ и зборовите: „точка 1“ се бришат.

Член 5

Во член 27 став 1 зборовите: „од 100 отсто од основицата за определување“ и зборовите: „точка 1“ се бришат.

Член 6

Насловот „IV. Усогласување на паричните примања“ и член 40 се бришат.

Член 7

Општинскиот орган на управата ќе изврши усогласување на решенијата на затечените корисници на правата со одредбите на овој закон во рок од два месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

**31.**

Врз основа на член 41 ставовите 3 и 4 од Законот за избор на членовите на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ број 48/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НИВНИ ЗАМЕНИЦИ И ЗАМЕНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1. Се разрешуваат претседателот, членовите и нивните заменици и заменикот на секретарот на Републичката изборна комисија, поради истек на времето за кое се избрани:

претседателот:
Димитар Солев;

заменикот:
Тихомир Велковски;

членови:
Новак Марковски,
Киро Никовски и
Софе Димитриевски;

заменицитe:
Ѓорѓи Стојков,
Бранко Мушкарски и
Елена Попоска;

заменикот на секретарот
Илија Таневски.

2. За претседател, членови и нивни заменици и заменик на секретарот на Републичката изборна комисија се именуваат:

за претседател:

Никола Конески, судија на Врховниот суд на Македонија,

за негов заменик:

Милојка Калкашлиева, судија на Врховниот суд на Македонија;

за членови:

Лазар Лабачевски, пензионер од Скопје,

Евица Димовска, помошник на секретарот на Секретаријатот за законодавство на Извршниот совет на Собранието на СРМ,

Ванчо Чучевски, виш советник во Собранието на СР Македонија,

Зејнел Беговиќ, член на Претседателството на Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и

Бранко Мушкарски, шеф на Кабинетот на Претседателството на Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија;

за нивни заменици:

Димитар Велков, секретар на Комисијата за претставки и предлози на Собранието на СРМ,

Станка Петровска, советник во Секретаријатот за законодавство на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија,

Димитар Спировски, виш советник во Собранието на СР Македонија,

Ѓоко Стојков, секретар на Стручната служба на Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија,

Лилјана Јанкуловска, секретар на Комисијата во Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија;

за заменик на секретарот:

Снежана Гушева, советник во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-362/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**32.**

Врз основа на член 2 од Законот за системот на општественото планирање и за општествениот план на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 46/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1991 ДО 1995 ГОДИНА

1. Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија, општествените планови на општините и општествениот план на градската заедница, плановите за развој и плановите на организациите на здружениот труд што вршат дејности во рамките на единствениот технолошки систем од интерес за целата земја, како и плановите за развој на самоуправните интересни заедници или другите облици на самоуправно организирање во областа на образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита и пензиското и инвалидското осигурување, а за кои со закон е утврдена обврска за донесување планови, ќе се подготват и донесат за периодот од 1991 до 1995 година, во роковите утврдени со оваа одлука.

2. Републичка организација задолжена за општествено планирање, врз основа на претходно организирани научни истражувања, ќе подготви и ќе достави до Собранието на СР Македонија, Анализа за развојот во изминатиот период и на условите и можностите за развој на СР Македонија во периодот од 1991 до 1995 година, до 30 јуни 1990 година.

3. Извршниот совет на Собранието на СР Македонија ќе поднесе до Собранието на СР Македонија Предлог на насоки за подготвување на плановите за периодот од 1991 до 1995, до 31 јули 1990 година.

4. Извршниот совет на Собранието на СР Македонија ќе поднесе до Собранието на СР Македонија Нацрт на општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1991 до 1995 година, до 31 октомври 1990 година.

5. Извршниот совет на Собранието на СР Македонија ќе поднесе до Собранието на СР Македонија Предлог на општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1991 до 1995 година, до 31 декември 1990 година.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-415/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

**33.**

Врз основа на член 40 став 2 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на СРМ“ број 47/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА РЕПУБЛИЧКИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ ЗА 1990 ГОДИНА

Се одобрува финансискиот план на Дирекцијата за републички стоковни резерви за 1990 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-413/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

**34.**

Врз основа на членовите 316 став 2 и 318 став 2 од Уставот на СР Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ НА СР МАКЕДОНИЈА КОН СОБРАНИЕТО НА ЕВРОПСКИТЕ РЕГИОНИ

Член 1

Социјалистичка Република Македонија пристапува кон Здружението — Собрание на европските региони во својство на придружен член.

Член 2

Социјалистичка Република Македонија ги прифаќа сите права и обврски утврдени со Статутот на Собранието на европските региони.

Член 3

За потписник на пристапниците кон Здружението — Собрание на европските региони се определува м-р Глигорие Гоговски, претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-455/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

**35.**

Врз основа на член 54 од Законот за општествениот правобранител на самоуправувањето („Службен весник на СРМ“ број 47/75, 6/81, 37/83 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО ЗА 1990 ГОДИНА

1. Се усвојува Програмата за работа на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето за 1990 година, што ја донесе Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето по прибавено мислење на работната заедница.

2. Оваа одлука се објавува во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-394/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски**, с. р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов**, с. р.

**36.**

Врз основа на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА — СКОПЈЕ

Комисијата за прашања на изборите и именувањата да му предложи на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ:

за членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија да ги избере:

Милка Божикова, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Јован Јосифовски, советник во Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-357/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**37.**

Врз основа на член 48 став 3 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87, 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

За членови на Конкурсната комисија за избор на директор на Републичкиот завод за здравствена заштита се именуваат:

Лазо Крстевски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Лилјана Иванова, секретар на Одборот за труд, здравство и социјална политика на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ и секретар на Комисијата за боречки прашања на Собранието на СРМ

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-360/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**38.**

Врз основа на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ — СКОПЈЕ

Комисијата за прашања на изборите и именувањата да му предложи на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ:

за членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ — Скопје се именуваат:

Драгољуб Николовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Мира Николоска, секретар на Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-355/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**39.**

Врз основа на член 257 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 2/86, 29/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Комисијата за прашања на изборите и именувањата да му предложи на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ:

за членови на Комисијата за изготвување предлог за именување декан на Шумарскиот факултет во Скопје се именуваат:

Ѓорѓи Узуновски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ и

Драги Бошковски, секретар на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-356/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**40.**

Врз основа на член 3 ставови 1 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ООЗТ КЛИНИКИ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Комисијата за прашања на изборите и именувањата да му предложи на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ,

— да избере два члена на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на ООЗТ Клиники при Медицинскиот факултет во Скопје, а изборот да се изврши од следниве можни кандидати:

1. Чедомир Стојковски, делегат во Општественополитичкиот собор на Собранието на СРМ и
2. Димитар Трајковски, шеф на Кабинетот на претседателот на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-358/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**41.**

Врз основа на член 48 став 3 од Законот за избор на органите на управување и на другите органи во организациите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 42/77, 3/87, 48/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЖЕЛЕЗНИЧКО-ТРАНСПОРТНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за именување на работоводен орган на Железничко-транспортното претпријатие — Скопје, се именуваат:

Марица Георгиевска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Светислав Василевски, секретар на Претседателството на ССМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-359/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**42.**

Врз основа на Амандманот XIV став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ВО КООРДИНАЦИОНОТО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА АКЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА ОПИСМЕНУВАЊЕ И ДООФОРМУВАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

За претставник на Собранието на СРМ во Координационото тело кое ќе го следи остварувањето на Акционата програма за описменување и дооформување на основното образование на возрасните и оперативниот план за остварување на Акционата програма се определува

Домница Минчева, самостоен советник за општествени дејности во Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-361/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**43.**

Врз основа на член 41 ставови 2, 4 и 6 од Законот за избор на членовите на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници („Службен весник на СРМ“ број 48/89), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЧЛЕНОВИ, СЕКРЕТАРИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ИЗБОРНИТЕ КОМИСИИ НА СООДВЕТНИТЕ ОБЛАСТИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За претседатели, членови, секретари и нивни заменици на изборните комисии на соодветните области на здружениот труд за избор на делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

**I. Производство и преработка на метали и енергетика**

За претседател·
Славна Карапетковска, дипл. правник во РЗ на ОП „Металски завод — Тито“ — Скопје,
за негов заменик:
Пецо Мартиновски, дипл. правник во ОП „Енергоинвест 11 Октомври“ — Прилеп.
За членови:
Гане Симоновски, секретар во Општествена исхрана при Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје,
Љиљана Филиповска, дипл. економист во ОП „Алумина“ — Скопје,
Цветко Тошевски, дипл. економист во ФАС „11 Октомври“ — Скопје
за нивни заменици:
Жарко Ангеловски, ОП „Искра“ — Куманово,
Владимир Алчов, ЕМО — Охрид, и
Живко Неделков, ЈП „Електростопанство на СРМ“ — Скопје
За секретар:
Искра Кондарко, Републички одбор на Синдикатот на работниците од производство и преработка на метали и енергетика,
за негов заменик:
Лилјана Шиндилова, дипл. економист во РЗ на ЈП „Електростопанство на СРМ“ — Скопје.

**II. Хемиска индустрија и неметали**

За претседател·
Јордан Кузмановски, директор на Кадровско одделение — ОХИС — „Скопје“,
за негов заменик:
Томе Зимбанов, директор на Општо-правен сектор во „Техногас“ — Скопје.
За членови:
Благоја Гицев, раководител на Правна служба „ОХИС“ — Скопје,
Стево Стевков, раководител на Кадровска служба во „Алкалоид“ — Скопје, и
Димо Димков, „Стаклара“ — Скопје,
за нивни заменици:
Драги Јовановски, стручен соработник во Советот на ССМ — Скопје,
Борис Наков, инженер во „30 јули“ — Куманово, и
Драгица Ристевска, економист во „Силика“ — Гостивар.
За секретар:
Љупка Диневска, секретар на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците на хемиската индустрија и неметалите,
за негов заменик:
Драги Георгиевски, референт во Службата за доходовни односи во „ОХИС“ — Скопје.

**III. Текстилна и кожарско-чевларската индустрија**

За претседател:
Ѓорѓи Анчев, дипл. правник во „Интекс“ — Скопје,
За негов заменик:
Иван Стратров, дипл. правник во „Интекс“ — Скопје.
За членови:
Момчило Лазаревиќ, дипл. правник во конфекција „Прогрес“ — Скопје,
Татјана Панчевска, стручен соработник во Советот на ССМ, и
Љиљана Тодоровска, Совет на ССМ на град Скопје,
за нивни заменици:
Асами Јаји, „Газела“ — Скопје,
Јанчев Никола, „Прогрес“ — Скопје, и
Славица Настева, Совет на ССМ.
За секретар:
Милица Љубецки, секретар на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците на текстилната и кожарско-чевларската индустрија,
за негов заменик:
Трпана Велковска, Совет на ССМ на град Скопје.

**IV. Шумарство и дрвна индустрија**

За претседател:
Владо Неделковски, дипл. правник во СОЗТ „Треска“ — Скопје,
за негов заменик:
Зорица Зузинска, дипл. правник во СОЗТ „Треска“ — Скопје.
За членови:
Христифор Поповски, дипл. правник во „Треска“ Интерна банка — Скопје,
Марија Денковска, дипл. правник во „Треска“ Интерна банка — Скопје, и
Зоран Николовски, во „Треска“ Интерна банка — Скопје,
за нивни заменици:
Надежда Миновска, дипл. правник во „Треска“ Интерна банка — Скопје,
Надежда Пејовска, дипл. економист во „Треска“ Интерна банка — Скопје, и
Наде Ѓоргиевска, во „Треска“ — Интерна банка — Скопје.
За секретар:
Душанка Недановска, секретар на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од шумарството и дрвната индустрија,
за негов заменик:
Лазар Трајчевски, секретар на Одборот за земјоделство, прехранбена и тутунска индустрија, шумарство и дрвна индустрија при Советот на ССМ на град Скопје.

**V. Земјоделство, прехранбена и тутунска индустрија**

За претседател:
Богич Влахович, директор на РЗ на Тутунски комбинат — Скопје,
за негов заменик:
Коле Димовски, директор на работна заедница на ЗИК „Скопско поле“ — Скопје.
За членови:
Верче Сивевска, дипл. правник во ЗЗПК „Македонија“ — Скопје,
Благица Скендеровска, раководител на сектор во фабриката „Европа“ — Скопје, и
Сокол Ивановски, директор на Правен сектор во РО „Жито Лукс“ — Скопје,
за нивни заменици:
Душко Илиевски, шеф на финансиски сектор во РО Водостопанство „Вардар“ — Скопје,
Нове Секуловски, раководител на Правен сектор во „Пивара“ — Скопје, и
Панче Карталов, раководител на сектор во Задружен совет на Македонија — Скопје.
За секретар:
Душко Стоевски, секретар во Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од земјоделството, прехранбената и тутунската индустрија,
за негов заменик·
Мери Цветковиќ, помошник на директор на сектор во РО „Магро“ — Скопје.

**VI. Градежништво**

За претседател:
Пандора Тошанова, дипл. правник во ГП „Маврово“ — Скопје,
за негов заменик:
Темелко Магденовски, дипл. правник во ГП „Бетон“ — Скопје.
За членови:
Александар Тодоровски, дипл. инженер во ГП „Маврово“ — Скопје,
Слободан Зечевиќ, дипл. правник во ГП „Пелагонија“ — Скопје,
Биљана Фунду, дипл. правник во ГП „Гранит“ — Скопје,
За нивни заменици:
Бранислав Хаџитрајков, дипл. правник во ГП „Илинден“ — Скопје,
Зоран Алексовски, дипл. правник во ГП „Техника“ — Скопје, и

Благица Стојковска, стручен соработник во Советот на ССМ.
За секретар.
Владимир Панков, секретар на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците во градежништвото,
за негов заменик:
Ѓоко Бошевски, Одбор на градежните работници при Советот на ССМ на град Скопје.

### VII. Сообраќај и врски

За претседател:
Милчо Ќупев, секретар на Комисијата за кадровски прашања при Советот на ССМ,
за негов заменик:
Никола Додев, правник во ЖТО — ООЗТ „Ремонт" — Скопје.
За членови:
Благоја Павловски, дипл. економист во ЖТО — Скопје,
Атанас Самарчиски, дипл. економист во РО „Истоктранс" — Штип, и
Александар Штериоски, дипл. правник во ЖТО — Скопје,
за нивни заменици:
Олга Арсова, РЗ на ЖТО — Скопје,
Лазе Јовевски, електроинженер во РЗ на ПТТ — Скопје, и
Љупчо Ставревски, секретар на Комисијата за ОНО и ОСЗ при Советот на ССМ на град Скопје.
За секретар:
Љубе Велковски, секретар на Одборот за сообраќај и врски при Советот на ССМ на град Скопје,
за негов заменик:
Душко Апостоловски, РО за ПТТ „Пошта II" — Скопје.

### VIII. Графичка информативно-издавачка дејност и производство на хартија

За претседател:
Павле Петров дипл. правник во „Просветно дело" — Скопје,
за негов заменик:
Маре Георгиевска, дипл. правник во Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.
За членови:
Панче Богданов, директор на РЗ „Хартија" — Кочани,
Ванчо Наумовски, Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје, и
Петар Лазаревски, новинар во „Вечер" — Скопје,
за нивни заменици:
Илија Аџиевски, стручен соработник во Комисијата за информирање во Советот на ССМ,
Сузана Бабунска, новинар во „Трудбеник", и
Трајче Симовски, Печатница „1 Мај" — Скопје.
За секретар:
Пеце Груевски, секретар на Комисијата за информирање во Советот на ССМ — Скопје,
за негов заменик:
Валентин Зафировски, стручен соработник во Советот на ССМ.

### IX. Образование, наука и култура

За претседател:
Васко Тодоровски, секретар на библиотеката „Браќа Миладиновци" — Скопје,
за негов заменик:
Фелек Касами, секретар на Одборот за општествено-политички систем на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.
За членови:
Симеонка Гучева, професор во УСО „Ј. Б. Тито" — Скопје,
Ацо Јанкуловски, секретар на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од образованието, науката и културата, и
Ѓорѓи Кузмановски, секретар на СОФКА на град Скопје.
за нивни заменици:
Лилјана Мирчевска, секретар на Машински факултет — Скопје,
Борче Јанковски, секретар на СД „Вардар" — Скопје, и
Дојчин Цветановски, секретар на Одборот на Синдикатот на работниците од образованието, науката и културата при Советот на ССМ на град Скопје.
За секретар:
Весна Росоклија, секретар на РО за основно образование „Илинден" — Скопје,
за негов заменик:
Вангел Христовски, директор на РО за основно образование „Ј. Б. Тито" — Штип.

### X. Здравство и социјална политика

За претседател:
Никодие Јанкуловски, помошник директор за правни работи на „Медицински факултет" — Скопје,
За негов заменик:
Благоја Ѓорѓиев, „Медицински центар" — Титов Велес.
За членови:
Сене Митров, Здравствен дом „Скопје" — Скопје,
Соња Стојменова, Медицински факултет, ООЗТ Клиники Скопје, и
Кирил Јосифовски, Градска општа болница — ООЗТ Детска пневмофтизиологија „Козле" — Скопје.
За нивни заменици:
Љубица Ковчагарска, Градски аптеки — Скопје,
Благоја Боцевски, Медицински факултет — Скопје, и
Сребренка Живковиќ, Геронтолошки центар — Скопје.
За секретар:
Зорица Велковска, секретар на РО на Синдикатот на работниците од здравството и социјалната заштита — Скопје,
За негов заменик:
Стево Димовски, Заедница на здравствените организации во СР Македонија.

### XI. Угостителство, туризам, комунално-станбена дејност и занаетчиство

За претседател:
Гоце Панов, дипломиран правник во УРО „Меркез" — Скопје,
За негов заменик:
Томислав Тренковски, дипл. правник, ХУРО „Македонијатурист" — Скопје.
За членови:
Јелица Прелиќ, дипл. економист во РО „Топлификација" — Скопје,
Даница Ердељан, РО „Електромеханички сервис" — Скопје, и
Методија Сталевски, Заедница на заштитни организации на СРМ — Скопје.
За нивни заменици:
Велика Ивкова, РО „Комуналец" — Скопје,
Ефимија Дуковска, ОП „Автокуќа-Механика" — Скопје, и
Целе Колчаковски, ТА „Интер-Импекс" — Скопје.
За секретар:
Часлав Теодосиевски, Републички одбор на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комуналното стопанство и занаетчиство.
За негов заменик:
Александар Антиќ, Совет на ССМ на град Скопје.

### XII. Трговија

За претседател:
Светислав Станковски, дипл. правник во ТП „Автомакедонија" — Скопје,
За негов заменик:
Владо Спировски, дипл. правник во ТП „Автомакедонија" — Скопје.

За членови:
Мирјана Хаџи-Скерлева, секретар на Републичкиот одбор од Синдикатот на работниците од трговијата,
Митре Ѓурчевски, дипл. економист во Службата за план и анализа ТП „Славија“ — Скопје, и
Зора Балтова, дипл. економист во ТП „Макотекст“ — Скопје.
За нивни заменици·
Снежана Михајловска, дипл. економист во ТП „Машинопромет“ — Скопје,
Данил Алексовски, дипл. економист во ТП „Караорман“ — Скопје, и
Станка Митевска, референт за план, анализа и инвестиции во ТП „Меркур Импорт“ — Скопје.
За секретар:
Богданка Поповска, дипломиран економист во ТП „Интерпромет“ — Скопје
За негов заменик·
Благица Тренковска, дипл. правник во Правната служба на ТП „Трготекстил“ — Скопје.

**XIII. Управа, правосудство и финансиски организации**

За претседател:
Саид Саид, заменик на јавниот обвинител на Македонија.
За негов заменик:
Зико Зиков. Стопанска банка — Здружена банка — Скопје.
За членови:
Петко Николовски, ЗОИЛ „Македонија“ — Филијала — Скопје,
Никола Колев, Стопанска банка — Здружена банка — Скопје, и
Лилјана Шопова, Општински суд I — Скопје.
За нивни заменици:
Маргарита Цаца, Окружен суд Скопје,
Димче Шушевски, Општински суд II — Скопје, и
Велко Андреев, СОФКА на Македонија.
За секретар:
Ванчо Муратовски, од Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од управата, правосудството и финансиските организации.
За негов заменик·
Тоше Поп Тошев, Општинско јавно обвинителство — Скопје.

**XIV. Активно воени лица и цивилни лица на служба во вооружените сили на СФРЈ**

За претседател·
Евтим Петров, А. В. Л., ВП — 3755 — Скопје,
За негов заменик·
Спиро Митревски, А. В. Л., ВП — 3755 — Скопје.
За членови:
Ванчо Димковски, А. В. Л., ВП — 3755 — Скопје,
Драган Петрушев, Г. Л. „РОШТО“ — Скопје, и
Бранко Радоњинин, А. В. Л., ВП — 3755 — Скопје.
За нивни заменици:
Менка Давиткова, правник во Г. Л. — Скопје,
Славољуб Савиќ, правник во А. В. Л., ВП — 3755 — Скопје, и
Данка Ханџиска, Г. Л. ВП — 3755 — Скопје.
За секретар:
Будимир Тошанов, Г. Л. Војна болница — Скопје.
За негов заменик:
Симо Спасковски, А. В. Л., ВП — 3755 — Скопје.

**XV. Работни луѓе кои работат во земјоделска, занаетчиска и во слични дејности со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работници вработени кај нив и од работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат уметничка и друга културна, адвокатска или друга професионална дејност и работниците вработени кај нив**

За претседател:
Лилјана Кимова, секретар на Службата на Одборот за правни прашања во стопанството — Стопанска комора на Македонија.
За негов заменик·
Иван Русомаровски, секретар на Судот на честа и Постојниот избран суд — Стопанска комора на Македонија.
За членови:
Кристина Кацарска, стручен соработник во Службата на соборите на мало стопанство и здруженијата на работните луѓе — Стопанска комора на Македонија,
Афродита Патчева — Андова, виш стручен соработник во Службата на Одборот за правни работи во стопанството, и
Рада Толевска, стручен соработник во Службата на Одборот за економски односи со странство — Стопанска комора на Македонија.
За нивни заменици:
Владимир Пендовски, стручен соработник во Службата на Одборот за економски односи со странство — Стопанска комора на Македонија,
Војкан Николовски, стручен соработник во Службата на соборите на енергетиката, црната и обоената металургија и металната и електроиндустријата — Стопанска комора на Македонија, и
Митко Митевски, стручен соработник во Службата на Соборот за сообраќај и врски — Стопанска комора на Македонија.
За секретар:
Мирче Христовски, виш стручен соработник во Службата на соборите на мало стопанство и здруженијата на работните луѓе — Стопанска комора на Македонија.
За негов заменик:
Зорица Мешкова, стручен соработник во Службата на соборите на прометот и услугите и на угостителството и туризмот — Стопанска комора на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-354/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**44.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83, 4/87, 4/89 и 18/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВО ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување за 1990 година, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 декември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-481/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**45.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87, 4/89 и 18/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ДОХОДОТ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 ЈАНУАРИ 1990 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1990 година, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 декември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-482/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**46.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87, 4/89 и 18/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ЈАНУАРИ 1990 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за стапката на придонесот на личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување за јануари 1990 година, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 декември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-483/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**47.**

Врз основа на член 57 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" број 6/81 и 40/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ДОДАТОК НА ДЕЦА ВО 1990 ГОДИНА

Се дава согласност на Одлуката за обезбедување средства во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за остварување додаток на деца во 1990 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 26 декември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-484/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**48.**

Врз основа на член 218 став 2 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ, СО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 1990 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за утврдување висината на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за основно образование во 1990 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 29 јануари 1990 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-512/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**49.**

Врз основа на член 118 став 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83, 43/85, 13/86, 50/87, 27/88 и 36/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА СОЛИДАРНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА ЗА 1990 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедување средства за солидарно остварување на задолжителните видови на здравствена заштита на населението на СР Македонија за 1990 година, што ја донесе Собранието на

Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита на седницата одржана на 16 декември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-480/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**50.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО, ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА, ИНДУСТРИЈАТА ЗА ТУТУН И ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

Собранието на СРМ е согласно со Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на насочено образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата за тутун и прехранбената индустрија, на седницата одржана на 21 ноември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-477/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**51.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕЛЕКТРОЕНЕРГИЈАТА, ЕЛЕКТРО-ИНДУСТРИЈАТА, МЕТАЛНАТА И ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА И СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

Собранието на СРМ е согласно со Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електроенергијата, електро-индустријата, металната и графичката индустрија и сообраќај и врски, на седницата одржана на 21 ноември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-479/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**52.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ВО РУДАРСТВОТО, МЕТАЛУРГИЈАТА, ГРАДЕЖНИШТВОТО И ГРАДЕЖНАТА ИНДУСТРИЈА, ХЕМИСКАТА И ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА И ИНДУСТРИЈАТА ЗА ЧЕВЛИ, КОЖА И ГУМА

Собранието на СРМ е согласно со Одлуката за висината на придонесот на насоченото образование што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во рударството, металургијата, градежништвото и градежната индустрија, хемиската и текстилната индустрија и индустријата за чевли, кожа и гума на седницата одржана на 21 ноември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-476/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**53.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ШТО ЈА ДОНЕСЕ СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ И УСЛУЖНИТЕ ДЕЈНОСТИ

Собранието на СРМ е согласно со Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во општествените и услужните дејности, на седницата одржана на 21 ноември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-478/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**54.**

Врз основа на член 249 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Работната организација Правен факултет — Скопје

што се однесуваат на правата и обврските на студентите, организацијата (режимот) на студирањето, начинот и постапката на донесување планови и програми за воспитно-образовната дејност; начинот на одлучување на претставниците на општествената заедница; издвојувањето на основната организација од работната организација; условите за избор во наставни, наставно-научни и соработнички звања и условите за именување индивидуален работоводен орган, што го донесоа работниците на Работната организација Правен факултет — Скопје, на референдумот одржан на 12 јануари 1990 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-475/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**55.**

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за сценско-уметничка дејност („Службен весник на СРМ" број 4/86, 51/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА МАКЕДОНСКА ФИЛХАРМОНИЈА

Се дава согласност на одредбите на Статутот на РО Македонска филхармонија што се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и на учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето за тие работи, што го донесоа работниците на Работната организација Македонска филхармонија на референдумот одржан на 26 април 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-474/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**56.**

Врз основа на член 249 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Градежниот факултет — Скопје што се однесуваат на правата и обврските на студентите; организацијата (режимот) на студирањето, начинот и постапката за донесување планови за воспитно-образовната дејност, начинот на одлучување на претставниците на општествената заедница; издвојувањето на основната организација од работната организација; условите за избор во наставни, наставно-научни, научни и соработнички звања и условите за именување индивидуален работоводен орган, што го донесоа работниците на ООЗТ Градежен факултет на референдумот одржан на 25 јуни 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-473/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**57.**

Врз основа на член 68 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 30 јануари и 2 февруари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА НА КОРИСНИЦИТЕ — ПРОСВЕТНИ РАБОТНИЦИ КОИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ ЈА ВРШЕЛЕ ВО 1944 ИЛИ 1945, ОДНОСНО 1946 ГОДИНА И ВО ТАА ДЕЈНОСТ ОСТВАРИЛЕ ПРАВО НА ПЕНЗИЈА

I

На корисниците на пензија — просветни работници кои воспитно-образовната дејност ја вршеле во 1944 или 1945, односно 1946 година и во таа дејност оствариле право на пензија им се определува повисок износ на пензија и тоа:

| Реден број | Име и презиме | Година на отпочнување со работа | Година на пензионирање | Износ на пензија во моментот на опред. повисок износ на пензија | Повисок износ на пензија | Дата од кога припаѓа повисок износ на пензија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | **Општина Битола** | | | | | |
| 1. | Дранговски Спиро | 1945 | 1987 | 70663 | 24180 | 1. 9. 1987 |
| 2. | Петровски Душко | 1945 | 1988 | 165130 | 65068 | 15. 9. 1988 |
| 3. | Соклевски Ѓорѓи | 1946 | 1987 | 101420 | 24180 | 1. 10. 1987 |
| 4. | Ѓорѓиоски Илија | 1946 | 1983 | 82029 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| | **Општина Гевгелија** | | | | | |
| 5. | Ѓоров Спасо | 1944 | 1986 | 51928 | 12006 | 1. 6. 1986 |
| | **Општина Кичево** | | | | | |
| 6. | Јордановски Стојан | 1945 | 1988 | 235125 | 65068 | 29. 6. 1988 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Општина Куманово** | | | | | |
| 7. | Атанасовски Александар | 1945 | 1987 | 67895 | 24180 | 1. 4. 1987 |
| 8. | Зисавска Нада | 1945 | 1982 | 36924 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| 9. | Цумревски Киро | 1946 | 1979 | 91901 | 8825 | 1. 1. 1986 |
| 10. | Стоилковиќ Добривое | 1944 | 1988 | 230050 | 65068 | 1. 9. 1988 |
| | **Општина Кавадарци** | | | | | |
| 11. | Попов Ѓорѓи | 1946 | 1987 | 87567 | 13167 | 1. 1. 1987 |
| | **Општина Кратово** | | | | | |
| 12. | Димитров Димитар | 1944 | 1986 | 27770 | 12006 | 1. 9. 1986 |
| | **Општина Македонски Брод** | | | | | |
| 13. | Видевски Златко | 1946 | 1980 | 87301 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| | **Општина Свети Николе** | | | | | |
| 14. | Апостолова Стојка | 1946 | 1981 | 56814 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| | **Општина Прилеп** | | | | | |
| 15. | Трајковски Ѓорче | 1945 | 1988 | 106433 | 65068 | 1. 9. 1988 |
| 16. | Поповски Ристо | 1945 | 1963 | 53882 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| 17. | Поповска Ратка | 1945 | 1965 | 52336 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| 18. | Коруновска Зора | 1945 | 1989 | 403280 | 65068 | 16. 1. 1989 |
| | **Општина Охрид** | | | | | |
| 19. | Филиповски Филип | 1946 | 1987 | 84974 | 24180 | 1. 4. 1987 |
| 20. | Чингоски Благоја | 1946 | 1986 | 26126 | 12006 | 1. 10. 1986 |
| | **Општина Струмица** | | | | | |
| 21. | Механџиски Ѓорѓи | 1946 | 1989 | 320893 | 65068 | 26. 6. 1988 |
| 22. | Попов Ефтим | 1946 | 1988 | 243085 | 65068 | 1. 9. 1988 |
| | **Општина Струга** | | | | | |
| 23. | Лекоски Цветан | 1944 | 1977 | 93330 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| | **Општина Карпош** | | | | | |
| 24. | Коцева Владанка | 1945 | 1987 | 97084 | 24180 | 26. 10. 1987 |
| 25. | Филиповска Нада | 1944 | 1987 | 153965 | 24180 | 1. 10. 1987 |
| | **Општина Кисела Вода** | | | | | |
| 26. | Јанкев Ангел | 1944 | 1988 | 166930 | 65068 | 16. 7. 1968 |
| | **Општина Центар** | | | | | |
| 27. | Екрем Ахмед | 1945 | 1987 | 83797 | 24180 | 31. 8. 1987 |
| 28. | Смокварски Ѓорѓи | 1944 | 1988 | 196484 | 65068 | 1. 1. 1988 |
| 29. | Анковска Марија | 1944 | 1982 | 99754 | 980 | 1. 1. 1986 |
| 30. | Данов Ристо | 1944 | 1987 | 71621 | 24180 | 3. 4. 1987 |
| | **Општина Титов Велес** | | | | | |
| 31. | Индовски Михаил | 1946 | 1988 | 108470 | 65068 | 1. 9. 1988 |
| 32. | Колаузов Јован | 1946 | 1989 | 291838 | 65068 | 1. 3. 1989 |
| 33. | Дрнков Благоја | 1944 | 1985 | 52969 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| 34. | Индов Иванчо | 1944 | 1978 | 59783 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| 35. | Медаров Петре | 1944 | 1985 | 64610 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| 36. | Глигоров Милан | 1944 | 1980 | 48438 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| | **Општина Тетово** | | | | | |
| 37. | Мусаи Саид | 1945 | 1987 | 51871 | 24180 | 25. 6. 1987 |
| 38. | Казими Самедин | 1946 | 1986 | 22337 | 12006 | 1. 11. 1986 |
| | **Општина Штип** | | | | | |
| 39. | Батев Томе | 1944 | 1987 | 150120 | 24180 | 1. 10. 1987 |
| 40. | Бојаџиева Јелисавета | 1946 | 1981 | 52592 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| 41. | Пановски Владо | 1944 | 1978 | 49660 | 12006 | 1. 1. 1986 |
| 42. | Карче Џавад | 1946 | 1988 | 215000 | 65068 | 20. 8. 1988 |

II

На повисокиот износ на пензија од 12006, 8.825 и 980 динари се врши усогласување сметано од 1 јануари 1987 година. На повисокиот износ на пензија од 24180 и 13167 динари се врши усогласување сметано од 1 јануари 1988 година. На повисокиот износ на пензија од 65068 динари се врши усогласување сметано од 1 јануари 1989 година.

Усогласувањето се врши на начин и во постапка пропишани со прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

Средствата за исплата на повисокиот износ на пензија се обезбедуваат со Републичкиот буџет.

III

Повисокиот износ на пензија се пренесува и на корисникот на семејна пензија согласно со општите прописи за пензиското и инвалидското осигурување, во процент во кој е определена семејната пензија.

IV

Исплатата на повисокиот износ на пензија ќе ја врши Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

V

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-503/1
2 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**58.**

Врз основа на член 27 алинеја 5, а во врска со член 122 од Деловникот на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 30 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За секретар на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува

Мира Николоска, досегашен секретар на Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 30-449/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

**59.**

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за статистички истражувања од интерес за Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 5/74 и 20/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 јануари 1990 година, донесе

## ПРОГРАМА

### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1987 ДО 1990 ГОДИНА, ШТО ГИ СПРОВЕДУВААТ СТАТИСТИЧКИТЕ ОРГАНИ

I. Во Програмата за статистички истражувања од интерес за Републиката за периодот од 1987 до 1990 година, што ги спроведуваат статистичките органи („Службен весник на СРМ" број 5/87 и 20/88) во делот I. во насловот „Статистика на образованието, науката, културата и социјалната заштита" по редниот број 1 се додава нов реден број 1-а, кој гласи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| „1а — Научноистражувачка опрема во СРМ во 1990 година | Научноистражувачка опрема и инструменти: година на производство; научна област, гранка и специјалност во која се користи опремата, употребна состојба, вредност, искористеност, слободни капацитети, користење на опрема од други организации, основни технички карактеристики | Организации кои се занимаваат со научноистражувачка дејност и одделни организации од областа на стопанството | 31. III 1990 | 30. IX 1990" |

II. Оваа програма ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-414/1
30 јануари 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

**60.**

Врз основа на член 70 став 2 од Законот за заштита на природните реткости („Службен весник на СРМ" број 41/73), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Републичкиот завод за заштита на природните реткости Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

— инж. Методи Герасимовски,
— инж. Мирче Кокалевски,
— Стефче Филиповски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Републичкиот завод за заштита на природните реткости — Скопје се именуваат:

— д-р Александар Димовски, поранешен редовен професор на Природноматематичкиот факултет Скопје,

— инж. Теофил Здравковски, директор на РО Национални паркови и ловишта — Скопје,

— Јован Ристов, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-226/1
25 јануари 1990 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во насловот и текстот на Одлуката **за одобрување на Финансискиот план на Дирекцијата** за републички стоковни резерви за 1989 година („Службен весник на СРМ" бр. 26/89) се направени грешки, поради што се дава следнава

### ИСПРАВКА

на Одлуката за одобрување на финансискиот план на Дирекцијата за републички стоковни резерви за 1989 година

1. Во насловот на Одлуката наместо зборовите: „за одобрување на Финансискиот план" треба да стојат зборовите: „за одобрување на Одлуката за изменување на Финансискиот план".

2. Во текстот на Одлуката наместо зборовите: „Се одобрува Финансискиот план" треба да стојат зборовите. „Се одобрува Одлуката за изменување на Финансискиот план".

Бр. 13-376/1
јануари 1990 година
Скопје

Од Законодавно-правната
комисија на Собранието
на СРМ

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**43.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 декември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ДОХОДОТ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ЗА ЈАНУАРИ 1990 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурувањето што се смета со зголемено траење за јануари 1990 година се утврдува од зголемената стапка по стапки од·

а) 9,25 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;

б) 7,70 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци;

в) 6,17 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

г) 4,62 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

д) 3,08 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;

ѓ) 1,54 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

Член 2

Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за стажот што се смета со зголемено траење се пресметува од личниот доход на вработените на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење и го плаќаат организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници од својот доход.

Член 3

Уплата на придонесот од доходот по стапките од член 1 на оваа одлука од обврзниците се врши при поднесувањето на периодичните и завршната сметка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 15-3763/1
28 декември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**44.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 29 декември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА

### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ЈАНУАРИ 1990 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување за јануари 1990 година се утврдува на 18,50 насто.

Член 2

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување се зема остварениот личен доход на работниците кај правните лица, со тоа што стапката од 16,50 насто се пресметува од бруто личниот доход, а разликата од 2 процентни поени претворени во нето стапка се пресметува на чистиот личен доход.

Член 3

За осигурениците за кои се утврдува само чист личен доход, придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се пресметува и плаќа од чистиот личен доход со примена на пресметана стапка за чист личен доход врз основа на збирот на републичките и општинските стапки на придонесите од личниот доход.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 15-3762/1
28 декември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**45.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВО ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на обврзниците на данок од личен доход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање — индивидуални земјоделци и осигурениците во доброволното пензиско и инвалидско осигурување (брачниот другар и другите членови на домаќинството на индивидуалниот земјоделец, брачниот другар и другите членови на домаќинството на сопственикот на земјоделско земјиште на кого земјоделската дејност не му е единствено занимање, како и лицата кои се занимаваат со земјиште земено под закуп, со сточарство или со пчеларство на кои вршењето на дејноста им е единствено занимање) се утврдува на 17 насто.

Член 2

Пресметувањето и плаќањето на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволното пензиско и инвалидско осигурување се врши на основиците на осигурување за 1990 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 15-3764
28 декември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

**46.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во рударство, металургија, градежништво и градежна индустрија, хемиска и текстилна индустрија и индустрија за чевли, кожа и гума, на седницата одржана на 20 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на претпријатијата и другите самоуправни организации и заедници и од доходот на граѓаните кои самостојно вршат стопанска и професионална дејност за обезбедување средства за насоченото образование.

Член 2

Придонесот за насоченото образование се утврдува во висина од 4,90% од доходот на претпријатијата и другите корисници на општествени средства распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности во областа на дејностите од 01 до 11.

Член 3

Придонесот за насоченото образование на граѓаните кои остваруваат доход од самостојно вршење на земјоделска дејност и самостојно вршење на стопанска и професионална дејност се утврдува во висина од 3,50% од остварениот доход.

Член 4

Обврзниците на придонесот од доход, средствата ги уплатуваат на сметката на самоуправните интересни заедници на насоченото образование што ја основале.

Наплатата на придонесот за насоченото образование за граѓаните кои остваруваат личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност ќе го врши Општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите, а ќе го уплатува на сметката на оваа заедница.

Член 5

Придонес за насочено образование се должни да плаќаат и работните луѓе и граѓани, жители на СР Македонија, кои работат надвор од СР Македонија, односно СФР Југославија.

Висината на придонесот од став 1 на овој член се утврдува на 3,50% на просечниот личен доход во СР Македонија.

Пресметувањето и утврдувањето на придонесот од став 2 на овој член ќе се врши секои три месеци во годината.

Доколку придонесот од став 2 на овој член не е можно да се наплати, обврска за плаќање на надоместок за извршените образовни услуги имаат учениците, односно студентите кои учат, односно студираат во насоченото образование во СР Македонија.

Висината на надоместокот за извршените образовни услуги од став 4 на овој член непосредно ќе ја наплатуваат организациите од насоченото образование во висина и под услови утврдени со посебна одлука на Собранието на Заедницата.

Член 6

Основица за пресметување на придонесот од член 2 на оваа Одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа: вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци.

Основица за пресметување на месечните аконтации за придонесот од доходот претставува основицата утврдена во ставот 1 на овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен, согласно член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд.

Член 7

Основните организации на здружениот труд и другите корисници на општествените средства кои ќе склучат Самоуправна спогодба за непосредна размена на трудот со организациите од насоченото образование за тие средства се ослободуваат од обврската од член 2 на оваа одлука.

Член 8

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личен доход и од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност, од Законот за даноците на граѓаните.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 09-123
20 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
д-р **Владан Златановиќ,** с. р.

**47.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ", бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во електро-енергија, електро индустрија, метална и графичка индустрија и сообраќај и врски на седницата одржана на 20 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на претпријатијата и другите самоуправни организации и заедници и од доходот на граѓаните кои самостојно вршат стопанска и професионална дејност за обезбедување средства за насоченото образование.

Член 2

Придонесот за насоченото образование се утврдува во висина од 4,90% од доходот на претпријатијата и другите корисници на општествени средства распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности во областа на дејностите од 01 до 11.

Член 3

Придонесот за насоченото образование на граѓаните кои остваруваат доход од самостојно вршење на земјоделска дејност и самостојно вршење на стопанска и професионална дејност се утврдува во висина од 3,50% од остварениот доход.

Член 4

Обврзниците на придонесот од доходот, средствата ги уплатуваат на сметката на самоуправните интересни заедници на насоченото образование што ја основале.

Наплатата на придонесот за насоченото образование за граѓаните кои остваруваат личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност ќе го врши Општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите, а ќе го уплатува на сметката на оваа заедница.

Член 5

Придонес за насочено образование се должни да плаќаат и работните луѓе и граѓани жители на СР Македонија, кои работат надвор од СР Македонија, односно СФР Југославија.

Висината на придонесот од став 1 на овој член се утврдува на 3,50% на просечниот личен доход во СР Македонија.

Пресметувањето и утврдувањето на придонесот од став 2 на овој член ќе се врши секои три месеци во годината.

Доколку придонесот од став 2 на овој член не е можно да се наплати, обврска за плаќање на надоместок за извршените образовни услуги имаат учениците, односно студентите кои учат, односно студираат во насоченото образование во СР Македонија.

Висината на надоместокот за извршените образовни услуги од став 4 на овој член непосредно ќе ја наплатуваат организациите од насоченото образование во висина и под услови утврдени со посебна одлука на Собранието на Заедницата.

Член 6

Основица за пресметување на придонесот од член 2 на оваа Одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа: вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци.

Основица за пресметување на месечните аконтации за придонесот од доходот претставува основицата утврдена во ставот 1 на овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен, согласно член 17 став 2 од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд.

Член 7

Основните организации на здружениот труд и другите корисници на општествените средства кои ќе склучат Самоуправна спогодба за непосредна размена на трудот со организациите од насоченото образование за тие средства се ослободуваат од обврската од член 2 на оваа одлука.

Член 8

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личен доход и од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност, од Законот за даноците на граѓаните.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 10-165
20 ноември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Душко Цветановски,** с. р.

**48.**

Врз основа на член 200 став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ", бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во земјоделство, шумарство, дрвна индустрија, индустрија на тутун и прехранбена индустрија, на седницата одржана на 20 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на претпријатијата и другите самоуправни организации и заедници и од доходот на граѓаните кои самостојно вршат стопанска и професионална дејност за обезбедување средства за насоченото образование.

Член 2

Придонесот за насоченото образование се утврдува во висина од 4,90% од доходот на претпријатијата и другите корисници на општествени средства распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности во областа на дејностите од 01 до 11.

Член 3

Придонесот за насоченото образование на граѓаните кои остваруваат доход од самостојно вршење на земјоделска дејност и самостојно вршење на стопанска и професионална дејност се утврдува во висина од 3,50% од остварениот доход.

Член 4

Обврзниците на придонесот од доход, средствата ги уплатуваат на сметката на самоуправните интересни заедници на насоченото образование што ја основале.

Наплатата на придонесот за насоченото образование за граѓаните кои остваруваат личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност ќе го врши Општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите, а ќе го уплатува на сметката на оваа заедница.

Член 5

Придонес за насочено образование се должни да плаќаат и работните луѓе и граѓани, жители на СР Македонија, кои работат надвор од СР Македонија, односно СФР Југославија.

Висината на придонесот од став 1 на овој член се утврдува на 3,50% на просечниот личен доход во СР Македонија.

Пресметувањето и утврдувањето на придонесот од став 2 на овој член ќе се врши секои три месеци во годината.

Доколку придонесот од став 2 на овој член не е можно да се наплати, обврска за плаќање на надоместок за извршените образовни услуги имаат учениците, односно студентите кои учат, односно студираат во насоченото образование во СР Македонија.

Висината на надоместокот за извршените образовни услуги од став 4 на овој член непосредно ќе ја наплатуваат организациите од насоченото образование во висина и под услови утврдени со посебна одлука на Собранието на Заедницата.

Член 6

Основица за пресметување на придонесот од член 2 на оваа Одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот“ во делот деловни расходи и тоа: вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци

Основица за пресметување на месечните аконтации за придонесот од доходот претставува основицата утврдена во ставот 1 на овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен, согласно член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд.

Член 7

Основните организации на здружениот труд и другите корисници на општествените средства кои ќе склучат Самоуправна спогодба за непосредна размена на трудот со организациите од насоченото образование за тие средства се ослободуваат од обврската од член 2 на оваа одлука.

Член 8

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личен доход и од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност, од Законот за даноците на граѓаните.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 11-91
20 ноември 1989 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р **Ефтим Анчев**, с. р.

**49.**

Врз основа на член 200, став 1 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“, бр. 16/85, 29/86, 7/88 и 29/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во општествени и услужни дејности, на седницата одржана на 20 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА НАСОЧЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на претпријатијата и другите самоуправни организации и заедници, од личниот доход на работниците и другите работни луѓе и од доходот на граѓаните кои самостојно вршат земјоделска, стопанска и професионална дејност за обезбедување средства за насоченото образование.

Член 2

Придонесот за насоченото образование се утврдува во висина од 4,90% од доходот на претпријатијата и другите корисници на општествените средства распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности во областа на дејностите од 01 до 11.

Член 3

Придонесот за насоченото образование од бруто личниот доход се утврдува во висина од 3,50% од бруто личниот доход на работниците и другите работни луѓе, а за работниците од основното, средното образование и социјалната заштита на 1,75%, а за работниците од високото образование, општествена заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности на 2,45%, освен за работниците вработени кај обврзниците од член 2 на оваа одлука.

Член 4

Придонесот за насоченото образование за граѓаните кои остваруваат доход од самостојно вршење на земјоделска дејност и самостојно вршење на стопанска и професионална дејност се утврдува во висина од 3,50% од остварениот доход.

Член 5

Придонес за насоченото образование се должни да плаќаат и работните луѓе и граѓани, жители на СР Македонија, кои работат надвор од СР Македонија, односно СФР Југославија.

Висината на придонесот од став 1 на овој член се утврдува на 3,50% на просечниот личен доход во СР Македонија.

Пресметувањето и утврдувањето на придонесот од став 2 на овој член ќе се врши секои три месеци во годината.

Доколку придонесот од став 2 на овој член не е можно да се наплати, обврска за плаќање на надоместок за извршените образовни услуги имаат учениците, односно студентите кои учат, односно студираат во насоченото образование во СР Македонија.

Висината на надоместокот за извршените образовни услуги од став 4 на овој член непосредно ќе ја наплатуваат организациите од насоченото образование во висина и под услови утврдени со посебна одлука на Собранието на Заедницата.

Член 6

Обврзниците на придонесот од доходот и на придонесот од личниот доход средствата ги уплатуваат на сметката на самоуправната интересна заедница на насоченото образование што ја основале.

Наплатата на придонесот за насоченото образование за граѓаните кои остваруваат личен доход од самостојно вршење на земјоделска, стопанска и професионална дејност ќе ги врши Општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите, а ќе го уплатува на сметката на оваа заедница.

Член 7

Основица за пресметување на придонесот од член 2 на оваа Одлука претставува остварениот доход, зголемен за искажаните износи во образецот „Биланс на успехот" во делот деловни расходи и тоа вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци и вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци.

Основица за пресметување на месечните аконтации на придонесот од доходот претставува основицата утврдена во ставот еден на овој член валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен, согласно член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружениот труд.

Член 8

Основните организации на здружениот труд и другите корисници на општествените средства кои ќе склучат Самоуправна спогодба за непосредна размена на трудот со организациите од насоченото образование за тие средства се ослободуваат од обврската од член 2 на оваа одлука.

Член 9

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личен доход и од самостојно вршење на стопанската и професионална дејност, од Законот за даноците на граѓаните.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 12-299
20 ноември 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Станоил Станоевски,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА

**50.**

Врз основа на член 37 од Законот за избор на членовите на делегациите и делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 48/89), донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА

1. Се распишуваат избори за избор на делегати во Собранието на Републичката заедница на културата.

2. Изборите за делегати во Собранието на Републичката заедница на културата ќе се одржат:

— за делегатите од здружениот труд, на 23. III. 1990 година,

— за делегатите од месните заедници, на 25. III. 1990 година.

3. Роковите за вршење на изборните дејствија почнуваат да течат наредниот ден од денот на донесувањето на решението.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0807-152/1
3 февруари 1990 година
Скопје

Претседател,
акд. **Крум Томовски,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**51.**

Врз основа на член 37 став 1 од Законот за избор на членовите на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 48/89), донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — СКОПЈЕ

I

Се распишуваат избори за избор на делегати во Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Скопје.

II

Изборите ќе се одржат и тоа:

1. за делегатите од здружениот труд, на 23 март 1990 година;

2. за делегатите од месните заедници, на 25 март 1990 година.

III

Роковите за изборните дејствија почнуваат да течат од 6 февруари 1990 година.

IV

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-204/1
6 февруари 1990 година
Скопје

Претседател,
д-р **Кирил Апостолов,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**52.**

Врз основа на член 218 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование и член 47 точка 8 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата од 29 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 1990 ГОДИНА

Член 1

За обезбедување средства во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за основно образование согласно член 220 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование за 1990 година се утврдува висината за придонес од 0,60% од личен доход од работен однос.

За организациите на здружен труд од основното образование (12011), средно насочено образование (12012), ученички и студентски домови (130212) и социјална заштита (13022, 13023 и 13024), се утврдува стапка на придонес од 0 30%.

За организациите на здружен труд од општествена заштита на децата (130211), више и високо образование (12013 и 12014), дејноста заштита на културни блага (12032) и сценско-музичките дејности (120341), се утврдува стапка на придонес од 0,42%.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 12-106/2
29 јануари 1990 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

**53.**

Врз основа на член 76 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ" бр. 32/87) и член 34 од Статутот на ЗСИЗ за вработување на град Скопје, собранијата на СИЗ за вработување на општините Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир и Собранието на ЗСИЗ за вработување на град Скопје, на седницата одржана на 27 декември 1989 година, донесоа

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработување на подрачјето на град Скопје за 1990 година се утврдува, по стапка од 0,30%, освен за

— претпријатијата од основното и средното насочено образование и од социјалната заштита, по стапка од 0,15% и

— претпријатијата од општествената заштита на децата, претпријатијата што вршат дејности и заштита на културните блага и претпријатијата од областа на сценско-музичките дејности, по стапка од 0,21%.

Член 2

Придонес за вработување плаќаат работниците и работодавците, членови на Заедницата за вработување.

Член 3

Пресметувањето и плаќањето на придонесот за вработување се врши:

— за работниците во претпријатијата и работниците кај работодавците, од личниот доход на работниците во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход;

— за работодавецот, од основицата според која се плаќа данок од личен доход;

— за работодавецот кој данокот го плаќа во годишен паушален износ придонесот за вработување се утврдува на 15% од паушалниот износ на данокот и

— за работниците на привремена работа во странство, според основицата и процентот што со посебна одлука ги утврдува Собранието на Републичката СИЗ за вработување.

Член 4

Пресметувањето и наплатувањето на придонесот за вработување се врши согласно прописите за даноците на граѓаните.

Облогот за наплатата на придонесот за вработување за работодавците го врши надлежниот орган за приходи при Собранието на општините т. е. градот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Член 6

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и „Службен гласник на град Скопје" и ќе се достави до Републичкиот секретаријат за финансии, Градскиот секретаријат за финансии, Службата на Општественото книговодство — Филијала Скопје и Воено-сметководниот центар — Скопје, ВП бр. 55/73 — Скопје.

Бр. 08-5587/12
27 декември 1989 година
Скопје

Претседател,
**Ратка Николовска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — РАДОВИШ

**54.**

Врз основа на член 17 од Статутот на ОСИЗ за физичка култура — Радовиш, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 16 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОСИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — РАДОВИШ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

За обезбедување на средства за физичка култура за 1990 година се утврдува висината на придонес и тоа:

— од доходот на стопанството 0,30%;
— од бруто личниот доход на нестопанството 0,20%;
— придонес од земјоделство 1%

Член 2

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13021) ќе плаќаат придонес за физичка култура 50% од утврдената стапка во износ 1 и ќе изнесува 0,10%.

За организациите на здружен труд од општествената заштита на децата (130211) се утврдува стапка во износ од 0,14%.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-7
16 јануари 1990 година
Радовиш

Претседател,
**Кирчо Сусинов,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ШТИП

**55.**

Врз основа на член 196 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 19/83), член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 23 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Штип, Собранието на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 31 јануари 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО И ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и

образование и општествена заштита на децата изнесуваат:

I. За основно образование:

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството, по стапка од 5,00%,

2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството по стапка од 3,00%,

3. придонес од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност, по стапка од 5,00%;

II. За општествена заштита на децата:

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството, по стапка од 3,00%,

2 придонес од личен доход од работен однос од нестопанството, по стапка од 2,00%,

3. придонес од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност, по стапка од 3,00%.

Член 2

Од плаќање на придонеси за основно образование и за општествена заштита на децата се ослободуваат и тоа: РО за основно воспитание и образование „Јосип Броз Тито“, Пионерскиот дом „Вита Поп Јорданова“, Заводот за школство, Работничкиот универзитет „Ванчо Прке“ Детската градинка „Астибо“ и Детската установа „Вера Циривири — Трена“ — Штип.

Член 3

ОЗТ од средното насочено образование ќе плаќаат придонес од личен доход во висина од 50% од општите стапки за основно образование и за општествена заштита на децата, а организациите од високото и вишото образование, организациите што вршат дејност заштита на културните блага и од областа на сценската музичка дејност ќе плаќаат од општата стапка 70%

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 февруари 1990 година.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0301/903 од 20 декември 1989 година.

Бр. 0301/13
31 јануари 1990 година
Штип

Претседател,
**Кирил Дубровски,** с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, во решението Срег. бр. 831 од 1. IX. 1989 година на регистарска влошка бр. 2-2289-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување со следните податоци: Младинска задруга „Куманово“ со Ц. О., Куманово, ул. „Тане Георгиев“ бб. Се брише досегашниот в. д. директор Обрадовска Марина, а се запишува Андреевска Славица в. д. директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 831/89. (291)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 751 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-22-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ Клиника за очни болести — Скопје, ул. „Водњанска“ број 17, во состав на Медицинскиот факултет О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, при универзитетскиот центар за медицински науки ул. „50 Дивизија“ број 6, поради промени во организирањето РО и организирање ново ООЗТ Клиники.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 751/89. (318)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 748 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-21-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ Клиника за уво, нос и грло Скопје, ул. „Водњанска“ број 17, во состав на Медицинскиот факултет О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, при Универзитетскиот центар за медицински науки ул. „50 Дивизија“ број 6, поради промени во организирањето РО и организирање ново ООЗТ Клиники.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 748/89. (319)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр 746 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-23-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ Аптека Скопје, ул. „Водњанска“ бр. 17, во состав на Медицинскиот факултет О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, при Универзитетскиот центар за медицински науки ул. „50 Дивизија“ број 6, поради промени во организирањето РО и организирање ново ООЗТ Клиники.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 746/89. (320)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 744 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-24-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ Техничка служба Скопје, ул. „Водњанска“ бр. 17, во состав на Медицинскиот факултет О Сол. О. со ООЗТ Скопје, при Универзитетскиот центар за медицински науки ул. „50 Дивизија“ број 6, поради промени во организирањето РО и организирање ново ООЗТ Клиники.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 744/89. (321)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 745 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-25-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ за Хематологија Скопје ул. „Водњанска“ број 17, во состав на Медицинскиот факултет О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, при Универзитетскиот центар за медицински науки ул. „50 Дивизија“ бр. 6, поради промени во организирањето РО и организирање ново ООЗТ Клиники.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 745/89. (322)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 735 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-34-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ Фармацевтски институти Скопје, ул. „Водњанска“ бр. 17, во состав на Медицинскиот факултет, О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, при Универзитетскиот центар за Медицински науки, поради промена во организирањето на Работната организација и организирање во нова ООЗТ Институт.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 735/89. (323)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 733 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-1-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ Институти во состав на Медицинскиот факултет О. Сол. О. со ООЗТ при Универзитетскиот центар за Медицински науки ул. „50 Дивизија“ бр. 6, поради промени во организирањето на РО со ООЗТ и организирање во нова ООЗТ „Институти“.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 733/89. (324)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 734 од 18. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1590-2-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на ООЗТ со следните податоци: Се запишува бришењето на ООЗТ Институт за патолошка физиологија и нуклеарна медицина — Скопје, ул. „Водњанска“ бр. 17, во состав на Медицинскиот факултет О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, при Универзитетскиот центар за медицински науки ул. „50 Дивизија“ бр. 6, поради промени во организирањето на РО со ООЗТ и организирање во нова ООЗТ Институт.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 734/89. (325)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 795 од 16. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-562-1-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на застапникот со следните податоци: Здравствена работна организација Градска општа болница „Моша Пијаде“ О. О. со ООЗТ Скопје, ООЗТ за Хирургија — Скопје, ул. „11 Октомври“ бр. 53. Се брише д-р Методи Георгиев, директор, а се запишува д-р Борис Манчев в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 795/89. (326)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 897 од 14. IX. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1938-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Занаетчиската производна задруга „Детска радост“, Р. О. Скопје; ул. „Павле Илиќ“ бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Костовски Јордан, директор, а се запишува новиот застапник Трпковска Анета, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 897/89. (327)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 563 од 13. IX. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1446-0-0-0, го запиша во судскиот регистар престанокот на СИЗ со следните податоци: Се запишува престанокот на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците на општина Кисела Вода, Скопје, со целосна одговорност ул. „Кочо Рацин“ бр. 91 — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 563/89. (328)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 642 од 23. X. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1236-0-0-0, го запиша во судскиот регистар конституирањето на работната организација под фирма: Основно училиште „Дане Крапчев“. Ц. О., Скопје, ул. „Маџари“ бр. 9.

Основач на работната организација е Собранието на општината Гази Баба со одлука бр. 09-4866 од 4. X. 1977 година.

Дејност: 120111 — основно образование од општ тип.

Работната организација во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет, работната организација одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Душан Перевски, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 642/89. (329)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1044 од 20 X. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1166-1-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Факултетот за филозофско-историски науки со О. Сол. О. на ООЗТ Скопје, ООЗТ Филозофски факултет, О. Сол. О. булевар „Крсте Мисирков“ бб, Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник проф. д-р Христо Карталов, декан, а се запишува новиот застапник проф. д-р Цветан Грозданов, декан, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1044/89. (330)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1040 од 17. X. 1989 година на регистарска влошка бр. 2-1734-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста и промената на лицето овластено за застапување на Градежната занаетчиска задруга „Енерго-Дрим“, Р. О., Скопје, ул. „III Македонска бригада“ бб, со следните податоци: Се запишува проширувањето на дејноста со:

070224 — градежен и санитарен материјал; 070223 — метали и електро техничка стока; 070229 — непрехранбени стоки; 070250 — мешана стока; 070260 — индустриски отпадоци; 070225 — хемиски производи, бои и лакови; 070124 — градежни материјали и огрев; 070123 — метали и електротехничка стока; 070132 — мешана стока; 070126 — керамика стакло и порцелан; 070127 — хемиски бои и лакови.

Се брише досегашниот застапник Жупановски Радислав, а се запишува новиот застапник Јанкуловски Славе, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1040/89. (331)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 907 од 16. X. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1378-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето поблиската адреса со следните податоци: Досегашното седиште — поблиската адреса на занаетчиско-услужната задруга „Кабловод“ Р. О., Скопје, ул. „Босна и Херцеговина“ бб барака 7, се менува и во иднина ќе гласи: Занатска услужна задруга „Кабловод“, Р. О., Скопје, ул. „Босна и Херцеговина“ барака бр. 9.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 907/89. (332)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 976 од 9. X. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-172-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Гоце Делчев“, Ц. О., с. Илинден Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Кушовски Јован, директор, а се запишува новиот застапник Велимов Васил, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 976/89. (333)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 980 од 2. X. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1744-12-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за основно воспитание и образование „Карпош“ О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, ООЗТ Централно основно училиште „Братство“ Скопје, ул. „Московска“ бр. 18, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Драган Попевски, директор, а се запишува новиот застапник Ацева Јасмина, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 980/89. (334)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 850 од 11. IX. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1884-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар аднотацијата на здружување со следните податоци: Се запишува аднотацијата за здружување на Производно прометната задруга „Меткор“, Р. О., Скопје. ул. „Васил Ѓоргов“ бб, кон Монтажно инсталатерската задруга „Градомонтажа“, Р. О. Скопје, ул. „Ленинова“ бр. 46.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 850/89. (335)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1007 од 12. X. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1171-1-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Факултетот за филолошки науки Скопје, О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, ООЗТ Филолошки факултет Скопје, ул. „Крсте Мисирков" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник д-р Надежда Момировска, декан, а се запишува новиот застапник д-р Владимир Цветковски, декан, неограничено.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1007/89. (336)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 508 од 21. IX. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-2178-0-0-0, го запиша во судскиот регистар прецизирањето на фирмата со следните податоци: Се запишува прецизирањето на фирмата на Работната организација Факултет за драмски уметности Скопје, со целосна одговорност, ул. „Руѓер Бошковиќ" — Карпош II бб барака, и во иднина ќе гласи: Универзитет „Кирил и Методиј" Скопје, Работна организација Факултет за драмски уметности Ц. О., ул. „Руѓер Бошковиќ" бб, Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 508/89. (337)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Срег. бр. 987 од 9. X. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-2178-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Универзитетот „Кирил и Методиј" Скопје, Работна организација Факултет за драмски уметности, Ц. О., Скопје, ул. „Руѓер Бошковиќ" бб, Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник проф. Александар Алексиев, декан, а се запишува новиот застапник вон. професор Владимир Милчин, декан, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 987/89. (338)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 545 од 13. VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-592-4-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Македонскиот народен театар, О. Сол. О., со ООЗТ — Скопје, булевар „ЈНА" бб, ООЗТ за прикажување на балетски дела „Балет", О. Суб О. — Скопје, булевар „ЈНА" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Антон Баталаковски, директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Александар Хаџиманов, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 545/89. (339)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 884 од 11. IX. 1989 година, на регистарска влошка бр 2-1777-0-0-0, го запиша во судскиот регистар бришењето на задругата поради здружување со следните податоци: Се запишува бришењето на Производно прометната задруга „Меткор", Р. О., Скопје, ул. „Васил Ѓорѓов" бб, поради здружување кон Монтажно инсталатерската задруга „Градомонтажа", Р. О, Скопје, ул. „Ленинова" бр. 46.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 884/89. (340)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 667 од 8. VIII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-314-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Училиштето за средно образование „Зеф Љуш Марку" — Скопје, населба Карпош, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Исмет Рамадани, директор, а се запишува новиот застапник Рам Хаскај в. д. директор, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 667/89. (341)

---

Комисијата за избори и именувања на Собранието на општината Охрид

О Б Ј А В У В А

дека Собранието на општината Охрид ќе врши избор на претседател на Општинскиот суд во Охрид

Покрај општите услови предвидени во член 247 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), кандидатите треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени во член 91 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79).

Пријавите со потребните документи да се доставуваат до Комисијата за избори и именувања на Собранието на општината Охрид во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Комисија за избори и именувања на СО Охрид

---

## СОДРЖИНА


25. Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи — — — — 49
26. Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот од доход — — — — 49
27. Закон за изменување и дополнување на Законот за давање надоместок на дел од каматата на кредитите за определени намени во периодот од 1986 до 1990 година 50
28. Закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните — — 50
29. Закон за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните — — — 50
30. Закон за изменување и дополнување на Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди — — — — — — — — — 51
31. Одлука за разрешување и именување претседател, членови и определување нивни заменици и заменик на секретарот на Републичката изборна комисија — — — — — 51
32. Одлука за подготвување и донесување на плановите во Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1991 до 1995 година 52
33. Одлука за одобрување на Финансискиот план на Дирекцијата за републички стоковни резерви за 1990 година — — — — 52
34. Одлука за пристапување на СР Македонија кон Собранието на Европските региони 52
35. Одлука за усвојување на Програмата за работа на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето за 1990 година — — — — — — — — — 53
36. Одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија — Скопје — — — — — — 53
37. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за избор на директор на Републичкиот завод за здравствена заштита 53
38. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" — Скопје 53
39. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за изготвување предлог за избор на декан на Шумарскиот факултет во Скопје — — — — — — — — 54
40. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на ООЗТ Клиники при Медицинскиот факултет во Скопје — — 54
41. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување на работоводен орган на Железничко-транспортното претпријатие — Скопје — — — — — — 54
42. Одлука за делегирање претставник на Собранието на СРМ во Координационото тело за следење на остварувањето на Акционата програма за описменување и дообформување на основното образование на возрасните — 54

43. Одлука за именување претседатели, членови, секретари и нивни заменици на изборните комисии на соодветните области на здружениот труд за избор на делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ — — — — — — — — — 54
44. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување за 1990 година — — — — — — 57
45. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 1990 година — — — — — — — — 58
46. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување за јануари 1990 година — — — — — — — — — 58
47. Одлука за давање согласност на Одлуката за обезбедување средства во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за остварување додаток на деца во 1990 година — — — — — — — 58
48. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за утврдување височината на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за основно образование во 1990 година — — — — — — — 58
49. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за утврдување на висината и начинот на обезбедување на средства за солидарно остварување на задолжителните видови на здравствена заштита на населението на СРМ за 1990 година — — 59
50. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на СИЗ на насоченото образование во земјоделството, шумарството, дрвната индустрија, индустријата за тутун и прехранбената индустрија — — — 59
51. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за висината за придонесот за насоченото образование што ја донесе Собранието на СИЗ на насоченото образование во електроенергијата, електроиндустријата, металната и графичката индустрија и сообраќај и врски — — — — — 59
52. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за висината на придонесот на насоченото образование, што ја донесе Собранието на СИЗ на насоченото образование во рударството, металургијата, градежништвото и градежната индустрија хемиската и текстилната индустрија и индустријата за чевли кожа и гума — — — 59
53. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за висината на придонесот за насоченото образование, што ја донесе Собранието на СИЗ на насоченото образование во општествените и услужните дејности — — — — — — — — — — 59
54. Одлука за давање согласност на Статутот на Работната организација Правен факултет — Скопје — — — — — — — — — 59
55. Одлука за давање согласност на Статутот на Работната организација Македонска филхармонија — — — — — — — — — 60
56. Одлука за давање согласност на Статутот на Градежниот факултет во Скопје — — 60
57. Одлука за определување на повисок износ на пензија на корисниците — просветни работници кои воспитно-образовната дејност ја вршеле во 1944 или 1945, односно 1946 година и во таа дејност оствариле право на пензија — — — — — — — — — 60
58. Одлука за именување секретар на Соборот на општините на Собранието на СРМ 62
59. Програма за дополнување на Програмата за статистички истражувања од интерес за Републичката за периодот од 1987 до 1990 година што ги спроведуваат статистичките органи — — — — — — — — — 62
60. Решение за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Републичкиот завод за заштита на природните реткости — Скопје — — — 62
**Исправка** на Одлуката за одобрување на Финансискиот план на Дирекцијата за републички стоковни резерви за 1989 година 63

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ
43. Одлука за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за јануари 1990 година — — — — — — — — — 63
44. Одлука за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување за јануари 1990 година — — 63
45. Одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување за 1990 година — — — — — 64
46. Одлука за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — 64
47. Одлука за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — 65
48. Одлука за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — 65
49. Одлука за висината на придонесот за насоченото образование — — — — — — 66
50. Решение за распишување избори за избор на делегати во Собранието на Републичката заедница на културата — — — — 67
51. Решение за распишување на избори за избор на делегати во Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Скопје — — — 67
52. Одлука за утврдување височината на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства во Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за основно образование во 1990 година 67
53. Одлука за утврдување стапката на придонесот за вработување на подрачјето на град Скопје за 1990 година — — — — — 68
РАДОВИШ
54. Одлука за утврдување висината на стапките за обезбедување на средства на ОСИЗ за физичка култура — Радовиш за 1990 година — — — — — — — — — — 68
ШТИП
55. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за задоволување на потребите и интересите во областа на предучилишното и основното воспитание и образование и општествена заштита на децата за 1990 година — — — — — — — — — — — 68

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах. 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев“ — Скопје**